# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

## З А П И С Н И К

**Од ОСМАТА седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 29.01.2026 година**

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2026 ГОДИНА**
**З А П И С Н И К**

**Од Осмата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 29.01.2026 година**

Седницата започна во 11:20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата присуствуваа сите членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

За збор се јави членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) која упати **забелешки** на начинот на кој е изготвен нацрт-записникот, односно во истиот не се нотирани суштински информации за текот на седницата споредено со начинот на изготвување на записниците од останатите единици на локалните самоуправи.

Претставникот од општинската администрација - **Васко Апостоловски** образложи дека советот не располага со можност за водење на стенографски белешки, а начинот на изготвување на записникот е едноставен, а на крај на секој нацрт-записник е наведено дека **аудио записот од седницата е составен дел на записникот**, од причина на избегнување на слободна интерпретација од службата на дискусијата на говорниците, нешто што било констатирано како проблем во работата на претходните состави на советот. Аудио записот од секоја седница е достапен до секој советник и на негово барање му се доставува по електронски пат.

Советот го усвои Записникот од **Седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со забелешки со **27 гласа "ЗА"**.

Пред расправа по предложениот дневен ред за збор се јави Градоначалникот на Општина Гази Баба, кој сподели информации до советот за 2 (две) правосилни судски пресуди за постапки од 2019/2020 година со која општината е задолжена да плати на 3 (три) фирми сопственици на поранешен "Скопски Саем" износ од 127.000.000,00 денари, кои фирми имале издадени правосилни одобренија за градење со платен надоместок за уредување на градежното земјиште, чии одобренија биле поништени од општината без притоа да им бидат вратени средствата од уплатениот надоместок за уредување на градежното земјиште. Интенција на општината е овој износ да биде исплатен на рати се со цел да не се

доведе во прашање нормалното функционирање на општината.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седница на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно поднесениот предлог од членот на советот - Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**21.** Предлог - Одлука за субвенционирање на градинките на територија на Општина Гази Баба "25 Мај" и "Детска радост" за плаќање на месечен надоместок за престој на секое дете запишано во висина од 500 денари;

Согласно поднесениот предлог од советничката група на Левица, бр.09-472/1 од 28.01.20267 година, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

**22.** Иницијатива за изработка на општински енергетски план; и
**23.** Иницијатива за набавка на една референтна/мобилна мерна станица како и нискобуџетни сензори за следење на квалитетот на воздухот.

Членот на советот - Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) го образложи предлогот за дополнување на предложениот дневен ред и согласно член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, побара **поименично гласање** по предлогот за дополнување на предложениот дневен ред.

Претседателот на Советот на барање на членот на советот - Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ), а врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точка 21 го стави на **поименично гласање** со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ВИКТОР ТРПЕВСКИ | | | √ |
| 2. | ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА | | | √ |
| 3. | ВЛАДИМИР БОЈАНОВ | | | √ |
| 4. | ФИЛИП АНАСТАСОВ | | | √ |
| 5. | КРСТЕНА ЈОВАНОВСКА | | | √ |
| 6. | СИБЕЛА МАРКОВА | | | √ |
| 7. | ДЕЈАН БОНЕВСКИ | | | √ |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | ЖАРКО ЗДРАВКОВСКИ | | | √ |
| 9 | ОЛИВЕРА СТАНИШКОВСКА | | | √ |
| 10. | ТОШЕ СТОЛЕСКИ | | | √ |
| 11. | ЗОРАН ЦВЕТКОВСКИ | | | √ |
| 12. | ЕЛЕНА ТАСЕВСКА | | | √ |
| 13. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | | | √ |
| 14. | МАРТИН ДЕСПОДОВСКИ | | | √ |
| 15. | ТАЊАЃОРЃИЕВСКА | | | √ |
| 16. | ГОРДАНА ЈОВИЌ - СТОЈКОВСКА | | | √ |
| 17. | НОВИЦА ТОМЕВСКИ* | | | |
| 18. | АЛЕКСАНДАР ВЕЉАНОВСКИ | √ | | |
| 19. | БИЉАНА МУИЌ | √ | | |
| 20. | ИГОР МАНЧЕВСКИ | √ | | |
| 21. | ЈАСМИНКА ГЕОРГИЕВА | √ | | |
| 22. | МАЈА НИКОДИНОВСКА | √ | | |
| 23. | ГОРАН НИКОЛОВСКИ | √ | | |
| 24. | ВЛАТКО РИСТОВСКИ | √ | | |
| 25. | БИЛЈАНА АПОСТОЛОВА ГЕОРГИЕВСКА | √ | | |
| 26. | МАКФИРЕ ИСЕНИ* | | | |
| 27. | ЕНИС ЗЕЌИРИ | | | √ |

*** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот **не го усвои** предлогот за дополнување на предложениот дневен ред, со **8 гласа "ЗА" и 17 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на совет констатираше дека точката "21" не е составен дел на предложениот дневен ред.

Членот на советот - Влатко Ристовски (Левица) ги образложи предлозите за дополнување на предложениот дневен ред.

Во расправата по предлозите за дополнување на предложениот дневен ред учествуваа: Претседателот на совет, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Влатко Ристовски (Левица) и Макфире Исени (НАИ).

**Коментар од стручната служба:**

Во својата дикусија која не се однесуваше на предлог за дополнување на предложениот дневен ред, членот на советот - Макфире Исени (НАИ) упати забелешка до предлагачот на материјалите за точките редоследно од 5-10 кои забелешки се однесуваа на несоодветната етничка застапеност на предложените кандидати за членови во управните одбори во јавните установи за деца - детски градинки.

За работата на седницата со **18 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2026 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
3. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, даватели на јавни услуги, помошно - технички персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2026 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2026 година;
5. Предлог - Одлука за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
6. Предлог - Одлука за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
7. Предлог - Одлука за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
8. Предлог - Одлука за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
9. Предлог - Одлука за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
10. Предлог - Одлука за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
11. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година;
12. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2027 година;
13. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди;

14. Предлог - Одлука за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка на пелети;
15. Предлог - Одлука за финансиска поддршка за реконструкција на лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба;
16. Предлог - Одлука за субвенционирање на младите жители на Општина Гази Баба за полагање на возачки испит Б - категорија во 2026 година;
17. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година;
18. Предлог - Одлука за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник од Министерство за социјална политика, демографија и млади;
19. Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година; и
20. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2026 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на советот информираше дека по однос на оваа точка од членовите на советничката група на Левица е **поднесен 1 (еден) амандман** бр.09-471/1 од 28.01.2026 година и ја започна амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.09-471/1 од 28.01.2026 година**)

Подносителот на амандманот, член на советот - Горан Николовски (Левица) го образложи поднесениот амандман.

Претседателот на советот отвори претрес по поднесениот амандман.

Во расправата зедоа учество претседателот на советот и членовите на советот: Горан Николовски (Левица), Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ), Маја Никодиновска (Левица) и Владимир Бојанов (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), претставникот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје - в.д. директор, Дени Милевски, како и претставникот до општинската администрација - Васко Апостоловски.

**Коментар од стручната служба:**

Во својата дикусија која не се однесуваше на расправата по поднесениот амандман, членот на советот - Маја Никодиновска (Левица) во согласност со член 201 став (1), а во врска со член 203 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба побара на некоја од следните седници на советот **да се достават кантарни белешки** за депонирање на кабаст отпад од јавното комунално претпријатие во депонијата "Дрисла" за 2025 година.

Претседателот на советот го заклучи претресот и амандманот го стави на гласање.

Советот со **10 гласа "ЗА" и 15 гласа "ПРОТИВ" не го усвои** поднесениот амандман бр.09-471/1 од 28.01.2026 година, и истиот не стана составен дел на Предлог-Одлуката.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Влатко Ристовски (Левица) и Владимир Бојанов (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

**По паузата.**

Во расправата (по паузата) зедоа учество и членовите на советот: Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) и Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на цени на комуналните услуги кои ги врши ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **17 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, даватели на јавни услуги, помошно - технички персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, даватели на јавни услуги, помошно - технички персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2026 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество членот на советот - Билјана Апостолова Георгиевска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2026 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) и Маја Никодиновска (Левица), како и претставникот на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, в.д директор Љиљана Крстевска.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **17 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество членот на советот - Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **17 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **17 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество членот на советот - Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **17 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество членот на советот - Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставници од советот на родители во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **17 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ) и Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, , со **17 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2027 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2027 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за купување на високоефикасни инвертер клима уреди, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка на пелети.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за набавка на пелети, со **27 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за финансиска поддршка за реконструкција на лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членот на советот - Маја Никодиновска (Левица) и претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за финансиска поддршка за реконструкција на лифт во станбените згради на подрачјето на Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за субвенционирање на младите жители на Општина Гази Баба за полагање на возачки испит Б - категорија во 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за субвенционирање на младите жители на Општина Гази Баба за полагање на возачки испит Б - категорија во 2026 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник од Министерство за социјална политика, демографија и млади.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество претседателот на совет и членовите на советот: Влатко Ристовски (Левица) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на советот на барање на членовите на советот кои учествуваа во расправата по оваа точка, побара од надлежниот сектор да достави информација.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата (со исправката на техничката грешка) ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник од Министерство за социјална политика, демографија и млади, со **18 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество претседателот на совет и членовите на советот: Маја Никодиновска (Левица) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на советот на барање на членовите на советот кои учествуваа во расправата по оваа точка, побара од надлежниот сектор да достави информација.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Гази Баба за 2026 година (со дополнувањето), со **17 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Осмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **14:10** часот.

**Број 09-1155/2**
**од 26.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот